Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 15 точка 3 и 5 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/2005, 17/2008, 08/19, 14/20 и 19/20), Општина Битола објавува

ЈАВЕН ПОВИК

за учество во организација и реализација на културни и туристичко промотивни активности во пресрет на новогодишните празници и збогатување на понудата на јавни содржини во општина Битола по повод дочекот на **Новата 2027 година - Зимска приказна**

1. Целта на овој јавен повик е избор на субјекти кои ќе учествуваат во организација и реализација на културни активности во пресрет на новогодишните празници и збогатување на понудата на јавни содржини во општина Битола по повод дочекот на Новата 2027 година.

2. Право да аплицираат на јавниот повик имаат сите домашни правни и физички лица кои работат во областа на културата и културниот туризам, со достава на апликација (дадена во прилог) потпишана со печат и скенирана електронски на е-маил адреса zimskaprikazna@bitola.gov.mk или во архива на Општина Битола шалтер бр.3 (работно време од 7:30 до 15:30 ч)

3. Изборот на настаните ќе го изврши Комисија за селекција и евалуација формирана од Градоначалникот, задржувајќи го правото да направи распоред на настаните, врз основа на следните критериуми:

- *Претходно искуство во учество на настани од ист или сроден вид (проекти со континуитет)*

- *Квалитет, јасност, аргументираност и иновативност на предложените проекти;*

- *Професионално елаборирани проекти од домашни и странски уметници со детално наведена програма;*

- *Степен на влијание на проектот/настанот врз квалитетот на животот на локалната заедница со образложение за целната група кон која се ориентирани;*

- *Нови професионални методологии со акцент на задолжителни активности со експерти во рамките на предложените проекти;*

- *Прифаќање на млади автори со ветувачки капацитети и нови визии кои навестуваат понагласен творечки потенцијал;*

- Професионална екипираност, капацитети и можности за реализација на настаните;

- Максимално искористување на вложените средства на проектите, прикажување на проектите на локации кои ќе го зголемат бројот на консументите;

- Кооперативност со други општествени сегменти (производство, образование, екологија...)

- Иновативни идеи со примена на можностите на современата технологија во функција на туристичка промоција

Комисијата има право заради збогатување на програмата да ангажира и дополнителни изведувачи надвор од јавниот повик.

*Апликациите кои нема да бидат пополнети електронски ќе бидат одбиени.

* Секој апликат, физичко или правно лице има право да алицира само за еден настан/проект.

Одобрените финансиски средства на апликантот чиј проект/настан ќе биде одобрен, ќе бидат исплатени после реализацијата на проектот/настан со доставен наративен и финансиски извештај (даден во прилог на овој повик) најкасно до 15.02.2027 година.

4. Настаните ќе се реализираат во периодот **од 21.12.2026 до 07.01.2027 година**.

5. Подетални информации можат да се добијат на телефонскиот број 047-208-347.

6. Крајниот рок за доставување на апликациите е **02 декември 2026 (среда) на е-маил до 23:59 часот или физички до 15:30 ч.**

Бр. 08 -1364/1

25.11.2026 год.

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА БИТОЛА